Зоран АВРАМОВИЌ

# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА БОЛОНСКИОТ ПРОЦЕС И КВАЛИТЕТОТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

## АПСТРАКТ

Основниот двигател на современите меѓудржавни и меѓунационални поврзувања има економски интерес. Во првиот дел од трудов се разгледуваат глобализацијата и интегративните процеси во Европа како општествен контекст на Болонската декларација. Во вториот дел се анализираат основите на Болонската декларација и се укажува на проблематичноста на поимот „Европа на знаења". Во третиот дел се прикажани можностите и границите на креативноста во проектот за единствен „европски академски простор". Креативните потенцијали се препознаваат во интересот за новото, во разликите меѓу културите, во самостојноста на студентите, а границите во културниот и образовниот идентитет, државниот интерес, специфичностите на општественото и природното знаење, елитизмот. Во заклучокот се подвлекува фактот дека секое образование има двојно битие – вкоренетост во националната култура и отвореност кон другите култури.

Поимот *глобализација* е поим со кој се изразуваат новите обележја и желби на современиот свет во насока на зголемување на заемната поврзаност меѓу народите и луѓето. Овој процес се забележува во сите области од општеството: економијата, политиката, културата, комуникацијата итн. Негова цел е „создавање на светот како единствен систем", „ширење на единствено општество" (институции, пазари, вредности). Истовремено глобализацијата открива и постоење на општествени и политички проблеми кои ги надминуваат националните граници и кои стануваат грижа на целиот свет.

Со што се одликува современата глобализација? Идејата околу која се концентрира најновиот поглед на светот е изразена во напорот да се конституира една наднационална творба со единствен простор во кој би се укинале историски изградените институции, вредностите, сфаќањата во рамките на државата. Поимот „глобализација" означува создавање нов тип глобално општество („постиндустриско, информатичко општество"), значи создавање на светска заедница, но и создавање на еден светски систем на заемна поврзаност меѓу нациите и државите. Најголеми приврзаници на процесот на глоба-

лизација се најразвиените држави на современиот свет во Западна Европа и САД. Причините за тоа имаат прагматична природа: ширење на економските интереси надвор од националните граници. Капиталот во рамките на националните граници на економски најмоќните држави од светот се стреми кон нови интеграции и пазари. Основната цел на глобалната економија е либерализација на светскиот пазар, а со тоа богатите ќе станат уште побогати, а сиромашните потполно зависни од економските и политичките центри на моќ.

Процесите на глобализација добро им дојдоа на сите оние држави во светот чии идеолози и политичари го застапуваат концептот на *десуверенизација*, како формула за воспоставување на нови односи на политичка моќ во светот. Ограничувањето на суверенитетот или неговото потполно предавање во рацете на моќните држави е составен дел на американското и западноевропското сфаќање на глобализацијата. За содржината на овој поим најдобро зборуваат протагонистите на наднационалната држава, како што се регионалните државни сојузи (на пример ЕУ). Во таквите политички интеграции доаѓа до преместување на одлуките од законодавните национални тела во рацете на владите, кои, повторно, повеќе ги усогласуваат одлуките со другите влади отколку со сопствениот парламент. Тоа се процеси на *десуверенизација.*

Дел од процесот на глобализација е и повеќедимензионалната интеграција во Европа. Се поврзуваат социјалните дејности, институциите, вредностите, регионите, државите. Сите елементи на државите и општествата во Европа се на пат на интегрирање. На тој доминантен општествен и политички процес образованието не можеше да остане имуно. Кои мотиви стојат во основа на идејата за европско образование, односно, за единствениот европски простор? Со милениумското духовно и политичко наследство „обединета Европа" го става во реформа целокупниот општествен и индивидуален живот. Постојат амбиции индустриски поделената Европа да се интегрира и да ја воспостави вечната тенденција за хармонија и општа среќа. Оваа идеја овде ќе биде разгледана од позиции на образованието.

## БОЛОНСКА ДЕКЛАРАЦИЈА

Болонската декларација му припаѓа на оној вид документи кои го изразуваат стремежот на европскиот дух за тесно поврзување на државите, културите, нациите и граѓаните. Оваа декларација е израз на интегративните процеси на денешна Европа.

Да погледнеме како може да се оствари концептот за европско образование на ниво на националните институции за образование. Екстремен облик на европска димензија на образованието би бил во случај на создавање на единствен образовен систем за сите европски држави. Тоа би значело дека сите елементи на образовната структура подлежат на изедначување – целите на образованието, наставните планови и програми, организацијата и управувањето, наставниот кадар, евалуацијата.

Друга крајност во европското образование би била потполното одвојување на образовните системи на националните држави. Такво нешто постоело во далечното минато, но од епохата на ренесансата националното образование во Европа на разни начини се испреплетува и се дополнува со другите европски, па и воневропски вредности и традиции.

Болонската декларација „ја нагласува централната улога на универзитетот во развојот на културните димензии на Европа. Како главен пат за унапредување на мобилноста на граѓаните и способноста за вработување и за развој на целиот континент воопшто, таа го истакна создавањето на Европска зона во високото образование". Од овој став, од економско и социјално гледиште, произлегува намерата знаењето да се стави во функција, односно, да се унапредат условите за вработување и за движење на младите образовани кадри на целиот простор во Европа. Кон ова треба да се додаде и интересот на европското образование да ја зголеми својата меѓународна конкурентност на ниво на високото образование.

Врз основа на економските потреби и политичката волја на државите на ЕУ да ги координираат своите образовни политики, формулирани се целите за воспоставување „Европска зона на високото образование". Станува збор за следниве цели:

- изедначување на системот на академски знаења (унапредување на вработувањето);
- систем на двоциклусно школување (студентско и дипломско);
- системот на кредити треба да овозможи мобилност на студентите по целиот европски академски простор (студенти, наставници, научни соработници, административни лица);
- изедначување на системот на квалитет во областа на високото образование;
- унапредување на европската содржина на образованието (европска димензија) во областа на високото образование (ова се однесува на наставните планови, интегрираните програми за студирање, обука и истражување, меѓуинституционална соработка).

Во Болонската декларација се инсистира на воспоставување на единствени системски решенија за високото образование на целиот европски простор, но се дозволува и почитување на разликите во културата, јазикот, националните образовни системи и автономијата на универзитетот.

Тенденцијата за поврзување на различни образовни системи секогаш е поврзана со прашањето за власта и одлучувањето. Каде се наоѓа моќта на образованието во концепциите за единствен европски академски простор? Консензусот не значи дека некои држави имаат поголемо влијание и моќ во процесот на одлучување. Фактот дека во Европа денес се наоѓаат огромен број образовни установи и, исто така, повеќе наставници и стручњаци, го отвара прашањето што да се избере од непрегледната библиотека на знаења, кој располага со власта тој избор да се направи, какви права на образовна политика им остануваат на малите народи и држави. Каква е содржината на критичката свест во концепциите на единственото европско академско образование?

Основниот проблем во визијата на единственото европско образование, па, според тоа, и во Болонската декларација, е неиздиференцираноста на тоа што треба да се подразбира под изразот „Европа на знаење". Поимот „знаење" е еден од најсложените поими во филозофијата, социологијата, психологијата, педагогијата. Особено значење за нашата тема има фактот дека не се прави разлика во последиците од поделбата на знаењето на знаење за природата и техниката (во најширока смисла на зборот) и знаење за општеството и човекот. Во социологијата се прави разлика меѓу практично-техничко знаење, општествено-интегративно, поглед на свет (Милиќ, 1987). Природните и технолошките науки нè снабдуваат со знаење кое ни овозможува моќ над природата. Социјалните знаења нè снабдуваат со знаења со кои воспоставуваме моќ над самите себе, над општеството, и тие можат да нè одведат во слобода или во ропство (Бабиќ, 1988). Функција на социјалните знаења е создавање на слика за човекот и на слика за општеството во кое живееме и во кое би сакале да живееме. Најпосле, поимот „знаење" не ги опфаќа само фактите, поимите, теориите, процедурите на сознание, туку и способноста да се мисли со сопствената глава.

Конечно, компетенцијата на знаењата не е одвоена од моралната димензија на знаењето. Образованието им е достапно и на добрите и на лошите луѓе кои науката и знаењето ги користат за праведни и неправедни цели. Знаењето може да нè одведе во пропаст доколку тоа не е поврзано со моралната свест и со моралното однесување.

Очигледно дека Болонската декларација го зема пред сè природно-технолошкото знаење, а не и социјално-антрополошкото. Целите на единствениот академски простор (кредити, курсеви, единствени знаења, двостепен систем на студии, мобилност на студентите, професорите, администрацијата итн.) можат да се остварат релативно едноставно во научните дисциплини како што се математиката, биологијата, хемијата, физиката, информатиката. Прашање е како студиите по националните јазици и книжевности, уметности, истории, географии, устави можат да се реализираат според принципот – почни да студираш во Белград, продолжи во Мадрид, а заврши во Париз.

## КРЕАТИВНОСТА И БОЛОНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА

Основна цел на Болоњската декларација е создавање на единствен академски простор во Европа. Да ја разгледаме оправданоста на таа цел од позиции на креативниот студент. Дали Болонската декларација придонесува за унапредување на креативноста или за нејзино ограничување?

Поимот „креативност“ означува индивидуални својства на личноста и опфаќа еден збир од интелектуални, социјални, практични, емоционални особини на личноста и нејзините активности, постигнувања. Креативноста се определува како својство на поединецот (особини на личноста), карактеристики на однесувањето или одлики на одредени постигнувања и производи (Арнаудова, 1996; Максиќ, 1993). Главни извори на креативносто постигнување се интелектуалните процеси, знаењата, интелектуалниот стил, особините на личноста, мотивацијата, опкружувањето. Имплицитната претпоставка за ваквото сфаќање на креативноста е во тоа дека ова својство на личноста се учи (реакција на стимулусите).

Креативноста е еден вид способност: а) способност да се мисли, да се перцепира, да се доживува поинаку од другите (на нов начин), способност за еластично мислење, б) способност да се поседува богатство од идеи и зборови, в) способност да се толкува познатото на нов начин, г) способност да се дејствува практично и да се решаваат практични проблеми.

За креативноста на индивидуата, на групата па и на цели општества мора да се размислува на диференциран начин. Таа е условена од: а) возраста, полот, општествената средина, културните обрасци, потребите, б) областа во која креативната работа се извршува (уметност, природни науки, општествени науки), в) ситуацијата и работната активност, г) предиспозициите на личноста (учење, создавање, социјални карактеристики).

Образовните иснтитуции, според природата на нештата, можат да ги стимулираат или да ги спречат креативните способности на личноста. Во која мера создавањето на „единствен европски образовен простор“ може да придонесе за развој на креативноста, а во која да го спречи развојот? На прашањето за креативноста во Болонската декларација може да му се пријде на повеќе начини. Организацијата на наставата по системот на триместрални курсеви (12 недели), а не семестри, при што секој носи одреден број бодови кои се добиваат врз основа на времето поминато на настава, бројот на часови потребни за подготовка на семинари, реферати, тестови итн. може да биде предмет на анализа од аспект на креативноста на студентите и наставниците. Дали таквата организација на наставата придонесува за развој на креативноста или не?

Втор аспект од креативноста сретнуваме во новиот начин на оценување на студентите. Во современата дидактика се напушта класичното подготвување за испит, учењето за испит. Болонската декларација предвидува повеќе тестови, работилници, домашни работи, пробен испит, презентации на час – а тоа се форми на континуирано учење. Испитувањето би покажало во што се состои креативноста со ваквиот начин на оценување на знаењето на студентите.

Во овој труд вниманието ќе биде посветено на креативноста од аспект на мобилноста на студентите и професорите. Во која мера „шетањето“ по европските универзитети содржи можности и ограничувања за креативноста на студентите и професорите?

Мобилноста на студентите и професорите по целиот европски образовен простор, без сомнение, му дава шанса на клучниот поим на креативноста – интересот за новото. Запознавањето со друга образовна средина, независно од сличностите на наставните програми, курсевите, може да биде стимулативно за развој на креативноста на студентите или професорите. Тоа се однесува, пред сè, на развојот на способностите за дивергентно мислење, формирање на интелектуален стил, практични вештини и социјална комуникација.

Средбата на студентите и наставниците со разликите во зградата, опремата, стиловите на работа, се доволни да го поттикнат споредувањето како значајна особина на креативноста. Споредувајќи ги разликите, студентот е принуден да ги вреднува воочените специфичности. Освен развојот на интелектуалните способности за еластично (флексибилно) мислење на студентите, разликите меѓу универзитетските центри придонесуваат за развој на перцепцијата, емоциите, јазичното изразување, мотивацијата.

Развојот на самостојноста во студирањето сигурно е еден квалитет на креативноста кој е поттикнат со идејата на Болонската декларација. Мобилноста на студентите и наставниците ја зацврстува

самостојноста во интелектуалното работење, социјалните односи, емоционалните особини и практичните зафати. Во честата подвижност, студентот и наставникот се ослободуваат од фамилијарноста, познанствата, „врските" и привилегиите од познатото опкружување.

Можните ограничувања на креативноста на студентите произлегуваат од веќе споменатите условувања на креативноста од: културниот образец, државно-правниот систем, областа на знаење, предиспозициите на личноста на студентот.

Ако културниот идентитет ја означува припадноста на една заедница со посредство на јазикот, верата, традицијата, обичаите, тогаш европскиот идентитет значи збир од мноштво идентитети. Одговорот на прашањето *Кој сум јас*? се добива само во односот спрема тие. Тој другиот е конститутивен за идентитетот. Очигледно е дека тие можат да бидат (и биле) другите европски и воневропски народи.

Тенденцијата низ образованието да се развие свест за европскиот идентитет тешко е остварлива, бидејќи социјалните теории и филозофијата не успеале да одговорат во што е посебноста на тој идентитет и дали тоа европско „јас" е нешто што е надвор од рамките на националните истории на Европа. Со други зборови, дали европскиот идентитет ѝ припаѓа само на денешната ЕУ или секое време од минатото на Европа имало свој идентитет. Нема сомнение дека дискусијата за европскиот идентитет нема да биде завршена, дека секое време ќе има „своја приказна" за идентитетот и дека во такви услови неоправдано е од образованието да се бара свест за поимот кој нема свое прецизно значење.

На листата на проблеми на единствениот европски академски простор се наоѓа и задачата за соочување на државниот и националниот интерес со предизвиците на европското општество. Односот меѓу европската надлежност и националната должност е парадоксален: Европа сè повеќе ги централизира клучните стопански, културни и образовни функции, а ги децентрализира националните (државните). Прашањето е потполно едноставно: Што ќе работат националните институции и поединци, при тенденција на јакнење на европските функции? Дали образованието на некоја држава ќе прима налози и „емисари" од европските институции или ќе ги користи и своите творечки сили? На полето на образованието тоа се појавува како прашање за наставниот план и програма: колку национални, а колку европски култури во училиштето (Avramović, 1999). Може ли да се образува за Европа ако се прескокне примарниот праг – односно, образованието за вредностите на нацијата и интересите на државата.

Во концептот за единствен академски европски простор се истакнуваат цели кои повеќе се во зоната на европските општествени потреби, а помалку ги допираат индивидуалните и националните. Отвореноста на пазарот наложува мобилност на работната сила, а тоа значи дека образованието треба силно да ја истакне културната сложеност на европскиот простор. Новите општествени услови на европскиот живот ја определуваат функцијата на образованието како стекнување на знаења кои ќе одат во пресрет на новите предизвици а истовремено ќе ја зголемат одговорноста за заедничкиот живот и за развој на Европа. Остварувањето на овие цели, како што веќе беше истакнато, е во тесна врска со видот на знаењата. Нема сомнение во тоа дека креативноста, од позиции на единствениот европски простор во областа на практично-техничките знаења, не е иста како во областа на општествено-интегративните знаења.

Фактот дека односот кон студирањето во голема мера зависи и од ставот на студентот кон учењето, творењето, постигнувањето, го сугерира заклучокот дека единствениот образовен европски простор ќе им биде наменет на студентската и наставничката елита. А таа е секогаш малубројна. Студентите кои не сакаат да си поставуваат високи животни цели нема многу да бидат заинтересирани за проекти каков што е Болонската декларација.

## ЗАКЛУЧОК

Образованието со еден дел се засновува врз националната традиција, а со друг е отворено кон другите национални и културни вредности. Тоа значи дека културната репродукција на општеството мора да тргне од чувањето и од ширењето на националниот „културен капитал“, а, кога ќе ги задоволи тие примарни образовни потреби во јазикот, историјата и математиката, образованието ги прифаќа во своите рамки културните и сознајните вредности на другите. Во тој поглед, концептот за единствен академски простор изгледа вештачки. Образованието, според својата природа, се стреми кон ширење и поврзување со другите култури и традиции.

Кога станува збор за односот на националната и некоја друга култура на образование, тогаш треба да се имаат предвид причините поради кои националната образовна култура е позначајна од другите: 1) таа е продукт од историското наследство, а не моментален производ, 2) таа поседува одбранбени механизми релативно независни од институциите (семејството, групата, организацијата, индивидуалниот избор), 3) разликите меѓу националните образовни култури само се дополнуваат со сличностите, но не ја менуваат.

Образованието е дел од културната свест и културните установи. Поврзано со традицијата, образованието тешко ги прифаќа надворешните промени. Во Европа разликите во образовните системи се најсложени. „Покрај земјоделството, школството е без сомнение подрачје во кое разликите меѓу европските нации се најголеми и каде што најдолго ќе се одржат. Неверојатна е разновидноста на програмите, педагошките методи и распоредот на наставата во школските системи на членките на ЕЗ.“ (Domenak, 1991, 112).

Болонската декларација сака да го институционализира во областа на образованието она што досега беше во сферата на спонтанитетот: соработката на универзитетите, наставниците и студентите. Нејзината реализација ќе придонесе за развој на креативноста, но истовремено ќе наиде и на пречки. Проектот сугерира елитизам во образованието, и тоа во областа на практично-техничкото знаење.

Можно е да постојат и некои други мотиви за создавање на концептот за единствен академски простор. Дури и ако постојат, тие не би го нарушиле основното тврдење – идејните трагања за европско образование се последица од економските и политичките движења, а не самостоен израз на образованието. Тој факт во себе носи големи ограничувања.

## ЛИТЕРАТУРА

Avramović Z., 1999: *Udžbenik, kultura, društvo*, Učiteljski fakultet, Užice.

Арнаудова В., 1996: *Поттикнување и развивање на креативноста со техники на дивергентна продукција*, Просветно дело, Скопје.

Бабиќ Ј., 1988: *Три димензије образовања,* зборник *21 Института за педагошка истраживања (73-78)*, Институт за педагошка истраживања и Просвета, Београд.

Domenak M., 1991: *Evropa: kulturni izazov*, XX vek, Beograd.

Maksić S., 1993: *Kako prepoznati darovitog učenika*, Institut za pedagoška istraživanja, Beograd.

Миліќ В., 1986: *Социологија сазнања*, „Веселин Маслеша“, Сарајево.

## THE IMPLEMENTATION OF THE BOLOGNA PROCESS AND THE QUALITY OF EDUCATION


### SUMMARY

The main drive of contemporary interstate and international integration is economic interest. In the first part of the paper social context of Bologna declaration is set forth – globalization and integrative processes in Europe. In the second part of the paper that basic aims of Bologna declaration are analyzed and it is pointed to the doubtfulness of the term "Europe of knowledge". Third part of the paper is dealing with the potentials and limitations of the project of united European academic space. Creativity potentials are identified in showing interest in novelty, differences among cultures, students independence, while limitations are identified in cultural and educational identity, state interests, feature of social and natural knowledge, elitism.